АКТУЕЛНИТЕ НАДВОРЕШНО-ТР
И ГОДИНАВА ВО СЕНКА НА ГОЛ



ЗАСЕГА САМО ИЗВОЗОТ Е ДЕЛ
ОД СТАНДАРДНАТА ИЗВОЗНА ПОНУДА

# ИЗВОЗОТ СЀ СТРАТЕШКИ

**Континуираниот раст на увозот, наспроти македонскиот извоз, укажува на постојано зголемување на увозната зависност на националната економија. На ваквата негативна состојба влијае и фактот што на земјава ѝ недостасува производство по обем и по квалитет, кое би било идентично со производството од земјите на ЕУ, а свое влијание има и отсуството на промоција, конкурентност и особено поддршка за извозните фирми. Македонскиот надворешно-трговски биланс би се свел на уште пониско скалило, кога од него би се исклучиле таканаречените лон-услуги (аранжмани со кои се врши извоз на производи од увезени материјали) и кои во принцип се исклучително ниско профитабилни. Вкупниот обем на лон-услугите во првите пет месеци од годинава вредел 705 милиони долари.**

**Исто така, колку и да звучи парадоксално, во Македонија најсиромашен ресурс се способните и стручните кадри, кои би требало да ја повлечат работата при извозот на нашите производи во странство.**



Пишува: **Арсен КОЛЕВСКИ**

Македонскиот извоз на стоки во периодот јануари - мај годинава изнесува 1 милијарда и 682 милиона долари, при што се очекува дека годинашниов извоз ќе ја надмине минатогодишната вредност. Меѓутоа, наспроти ова, во истиот период вредноста на вкупниот увоз, исто така, е со тренд на континуиран пораст, и тоа за речиси идентична стапка во споредба со порастот на извозот. Ваквите движења несомнено укажуваат на постојано зголемување на увозната зависност на националната економија.

Притоа, актуелната состојба на речиси еднаков раст, како на извозот, така и на увозот, имаше последица за понатамошно редуцирање на асортиманите на извозната понуда. Во наменската структура и натаму доминира учеството, како на базните и со низок степен на обработка материјали за репродукција, така и на нискодоходовните финални асортимани.

## СОСТОЈБИ

Вредноста на стоковната размена на нашава држава со странство во периодот јануари-мај годинава изнесувала 4 милијарди и 515 милиони долари, што претставува пораст од 44,7 отсто во однос на истиот период претходната година. Извозот во ваквиот обем учествувал со 30 отсто, а увозот со 35,5 отсто, што значи дека салдото е негативно и достигнало милијарда и 150 милиони долари.

Според најновите податоци од Државниот завод за статистика, покриеноста на увозот со извоз е 59,4 отсто, со блага тенденција на зголемување. Ваквите движења во надворешната трговија несомнено укажуваат дека освен зголемувањето на дефицитот, присутна е и тенденцијата на благ пораст на вкупниот обем на размена со странство.

Според регионалната насоченост, најголемо учество во нашиот извоз на стоки имаат земјите-членки на Европската унија (63 отсто) и државите од Западен Балкан (34,6 отсто). И кај увозот првото место го заземаат земјите од ЕУ (46,5 отсто), а потоа следуваат земјите од Западен Балкан (11,3 отсто).

Петмесечните податоци за минатата година за распоредот по земји покажуваат дека наш најголем трговски партнер била Србија со вкупна размена од 623 милиони долари, Германија со вкупна размена од 513 милиони долари, потоа Русија (457), Грција (441), Бугарија (299), Италија (267), Хрватска (150) итн.

Од земјите кои се на списокот на наши најголеми трговски партнери, позитивен биланс сме имале само со шест од нив - Белгија, Шпанија, Србија, Босна и Херцеговина, Грција и Бугарија. Со сите други салдото ни е негативно, а најголем минус имаме со Украина, Полска, Швајцарија, Русија и Романија.

Ваквиот македонски надворешно-трговски биланс би се свел на уште пониско скалило кога од него би се исклучиле таканаречените лон-услуги (аранжмани со кои се врши извоз на про-

ГОВСКИ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА МАКЕДОНИЈА

ЕМИОТ ДЕФИЦИТ



МАКЕДОНИЈА МОРА ДА СЕ СВРТИ КОН ПОГОЛЕМ ИЗВОЗ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

# УШТЕ БЕЗ ТРЕТМАН

изводи од увезени материјали) и кои во принцип се исклучително ниско профитабилни. Вкупниот обем на лонуслугите во првите пет месеци од годинава вредел 705 милиони долари.

Сепак, рекордно високиот трговски дефицит за првите пет месеци од годинава, кој достигна неверојатни повеќе од една милијарда американски долари, не исплаши дел од бизнисмените. Други, пак, бараат поддршка од власта за компаниите извознички. Смирувачки тонови доаѓаат и од Агробизнис комората. Тврдат дека производството на храна ќе се зголеми со стимулациите кои ги најави државата.

## ПРИЧИНИ

Според одговорните во Стопанска комора на Македонија, високиот трговски дефицит е клучен негативен показател за успешно приклучување на македонската економија во заедничкиот пазар на Европската унија. Покрај ова, од Комората велат дека на ваквата негативна состојба влијае и фактот што на земјава ѝ недостасува производство по обем и по квалитет, кое би било идентично со производството од земјите на ЕУ, а свое влијание има и отсуството на промоција, конкурентност и особено поддршка за извозните фирми.

"Извозот на стоки во странство (не само во земјите на ЕУ) е посложена фаза од пласманот на стоките на домашниот пазар и неопходно е тој факт да го знаат сите менаџери или барем нивните соработници, за целата операција (документација, партнер, понуда, шпедиција и сл.) да биде што поуспешно завршена", додаваат експертите, анализирајќи ја ваквата состојба.

Во моментов, според интерните анализи на Комората, најголем дел од македонските извозни производи содржат висока компонента на евтин домашен труд и релативно ниски цени. Во превод тоа значи дека конкурентната способност на македонската економија за "трка" на заедничкиот европски пазар е неодржлива на подолг рок, при што структурата на извозот ќе мора да се менува, доколку сакаме промена на вредноста на извозот.

Покрај ова, потребно е итно да се заборави на класичната трговија со еднократни трговски договори, со склучување аранжмани и заеднички вложувања со други земји за настап на трети пазари и кооперација во производството, со што на извозот би му се дал системски третман. Исто така, колку и да звучи парадоксално, во Македонија најсиромашен ресурс се способните и стручните кадри, кои би требало да ја повлечат работата при извозот на нашите производи во странство, додавајќи дека тоа не значи оти нема кадри, туку дека тие не се вклучени во системското заокружување на трговијата со странство.

Како контрапродуктивен за извозот, но неизбежен од аспект на интересите за целата економија, за стопанствениците е и опстојувањето на политиката на стабилен (фиксен) девизен курс.

Ставот на стопанството е дека објективните услови (голема побарувачка на капитал, наспроти ограничените и високоризични кредитни пласмани) во изминатиот период диктираа висока цена на капиталот но, исто така, факт е дека не беа направени напори за изнаоѓање мерки за премостување на настанатите финансиски дубиози и продуктивно консолидирање на стопанството, пред сè, на извозното, кое е оценето дека има профитабилни перформанси.

